РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-209
04.06 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-2368/9 од 04.06.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6-ти, 7-ми, 8-ми, 11-ти и на 12-ти мај 2020 година премиерите на пет епизоди и четири реприза од играниот серијал „Белата робинка", беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветни временски периоди од деноноќието, и тоа:

- 5-те епизоди од играната програма - серијал „Белата робинка" премиерно емитувани на:
  - 6-ти мај 2020 година во периодот од 16:35:16 до 17:17:48 часот;
  - 7-ми мај 2020 година во периодот од 16:37:43 до 17:20:24 часот;
  - 8-ми мај 2020 година во периодот од 16:36:10 до 17:18:44 часот;
  - 11-ти мај 2020 година во периодот од 16:35:20 до 17:19:33 часот; и
  - 12-ти мај 2020 година во периодот од 16:33:21 до 17:14:45 часот;
- 4-те реприза на епизодите од играната програма - серијал „Белата робинка" емитувани на:
  - 7-ти мај 2020 година во периодот од 10:01:20 до 10:46:51 часот (реприза на епизодата од 6 мај 2020 година);
  - 8-ми мај 2020 година во периодот од 10:01:33 до 10:47:05 часот (реприза на епизодата од 7 мај 2020 година);
  - 11-ти мај 2020 година во периодот од 10:01:24 до 10:46:41 часот (реприза на епизодата од 8 мај 2020 година); и
  - 12-ви мај 2020 година во периодот од 10:01:40 до 10:54:56 часот (реприза на епизодата од 11 мај 2020 година);

Играниот серијал „Белата робинка“ треба да биде означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години и за која е неопходен надзор од родител или старател и може да се емитува само во периодот од 20:00 од 05:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, датум на емитувањето и период на емитување (почеток и крај), како за премиерното емитување така и за репризното емитување, во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 15 мај 2020 година, изврши вонреден, по претставки (иницијативи на физички лица), програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6-ти, 7-ми, 8-ми, 11-ти и на 12-ти мај 2020 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Со надзорот е констатирано дека, на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6-ти, 7-ми, 8-ми, 11-ти и на 12-ти мај 2020 година, премиерите на пет епизоди и четири реприи од играниот серијал „Белата робинка“, беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветни временски периоди од денонoќието, и тоа: 5-те епизоди од играната програма - серијал „Белата робинка“ премиерно емитувани на: 6-ти мај 2020 година во периодот од 16:35:16 до 17:17:48 часот; 7-ми мај 2020 година во периодот од 16:37:43 до 17:20:24 часот; 8-ми мај 2020 година во периодот од 16:36:10 до 17:18:44 часот; 11-ти мај 2020 година во периодот од 16:35:20 до 17:19:33 часот; 12-ти мај 2020 година во периодот од 16:33:21 до 17:14:45 часот; и 4-те реприи на епизодите од играната програма - серијал „Белата робинка“ емитувани на: 7-ти мај 2020 година во периодот од 10:01:20 до 10:46:51 часот (реприза на епизодата од 6 мај 2020 година); 8-ми мај 2020 година во периодот од 10:01:33 до 10:47:05 часот (реприза на епизодата од 7 мај 2020 година); 11-ти

мај 2020 година во периодот од 10:01:24 до 10:46:41 часот (реприза на епизодата од 8 мај 2020 година) и 12-ви мај 2020 година во периодот од 10:01:40 до 10:54:56 часот (реприза на епизодата од 11 мај 2020 година). Сценариото на играниот серијал „Белата робинка", вклучува систематски третман на брутално, сурово вербално и психофизичко насилство над т.н. – "црно робје" и тоа од различни генерации – вклучително и новороденчиња и малолетници - а прикажано е низ чести, долготрајни, описни сцени и глетки снимени во крупен план, со повремено режисерско инсистирање врз последиците од таквото насилство. Поради ваквите тематски и аудиовизуелни карактеристики на теленовелата „Белата робинка", а според критериумите на Правилникот за заштита на малолетните лица, нејзина соодветна категоризација е - програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години и за која е неопходен надзор од родител или старател, односно – епизодите треба да се поместат за емитување исклучиво по 20:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, датум на емитувањето и период на емитување (почеток и крај) како за премиерното емитување така и за репризното емитување, во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Имајќи предвид дека е во тек усогласувањето на радиодифузерот со член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, по изречената мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-157 од 07.05.2020 година) на 06.05.2020 година, во Писмениот извештај (арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година) се предложи Советот на Агенцијата повторно да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 15.05.2020 година, испрати Допис Уп1 бр.03-206 од 15.05.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор наш арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. На 18.05.2020 година, Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, до Агенцијата достави Писмено изјаснување бр.01-1179/01 од 18.05.2020 година (Уп1 бр.03-206 од 18.05.2020 година). Советот на Агенцијата на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1. на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 04.06.2020 година, во врска со Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-2368/9 од 04.06.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во

точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2275/1 од 15.05.2020 година.

**Доставено до:**

-Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор

на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 15.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
| 10 | 2275 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по претставки (иницијативи на физички лица);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6, 7, 8, 11 и 12 мај 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 мај 2020 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој*);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14*);

6. **Претходно изречена мерка:**
   - *На 06.05.2020 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-157 од 07.05.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

     *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (07.05.2020 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со вонредниот програмски надзор реализиран по две претставки за телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6, 7, 8, 11 и 12 мај 2020 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни**

медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, пет премиерно емитувани епизоди и четири репризи од играниот серијал „Белата робинка", емитувани во периодите опфатени со надзорот, беа погрешно означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветни програмски термини. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот серијал „Белата робинка" требало да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно требало да биде емитуван само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **6 мај 2020 година** | 16:35:16 | 17:17:48 |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; премиера од 6 мај 2020 г. | | |
| **7 мај 2020 година** | 10:01:20 | 10:46:51 |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; **реприза** на епизодата од 6 мај; | | |
| „*Белата робинка*" играна програма – серијал; премиера; | 16:37:43 | 17:20:24 |
| **8 мај 2020 година** | 10:01:33 | 10:47:05 |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; **реприза** на епизодата од 7 мај; | | |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; премиера; | 16:36:10 | 17:18:44 |
| **11 мај 2020 година** | 10:01:24 | 10:46:41 |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; **реприза** на епизодата од 8 мај; | | |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; премиера; | 16:35:20 | 17:19:33 |
| **12 мај 2020 година** | 10:01:40 | 10:54:56 |
| „*Белата робинка*" - играна програма – серијал; **реприза** на епизодата од 11 мај; | | |
| ***„Белата робинка"*** - играна програма – серијал; премиера; | 16:33:21 | 17:14:45 |

Основната тема на „Белата робинка", играниот колумбиски серијал жанровски реализиран како – теленовела, е последниот период од четиривековната шпанска, конквистадорска колонизација на Колумбија. Костимираната драма, поставена во тој историски контекст што како главна сценаристичка и режисерска задача наметнува приказ на ужасите од расизмот на колонистичкото ропство, персонализирана е преку перипетиите во судбината на „бело" девојче, која поради долготрајноста на серијалот жанровски се развива и како семејна сага.

Сите воведни пет епизоди (и репризите) ТВ Сител ги класифицирала како програма од втора категорија, односно обележани се со предупредувачкиот знак „8+" – *програма што не се препорачува за деца под 8 години, за која е неопходен надзор од родител или старател*, но, анализата направена според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица покажува дека - таквата класификација е несоодветна, затоа што:

- Сценариото вклучува систематски третман на брутално, сурово вербално и психофизичко насилство над т.н. - „црно робје", и тоа од различни генерации – вклучително и новороденчиња и малолетници -, а прикажано е низ чести, долготрајни, описни сцени и глетки снимени во крупен план, со повремено режисерско инсистирање врз последиците од таквото насилство (на пример: - *психофизички малтретирани и понижени родители, принудени да си ги жигосуваат сопствените деца*; - *долготрајни сцени на камшикување;* - *силување робинки;* - *масовни убиства: потопување брод што превезува робови, подметнување пожар, напад со трагачки кучиња или со оружје врз цела (селска / племенска) заедница;*). Ако критериумот – *систематичност во прикажувањето насилство* – подразбира и квантитет (*времетраење*) и квалитет (*естетиката на аудиовизуелниот материјал*) на сцените / описите / глетките од кои се состои склопот на аудиовизуелната целина, тогаш треба да се нагласи дека – комплетната минутажа на првата и на четвртата епизода е приказ на расно доминирачко насилство со погореспоменатите визуелни карактеристики, кои, пак, во голема мерка се застапени и во другите епизоди каде раскажувањето содржи нагласени елементи на мелодрама (*во случајов важни елементи, оти претставуваат главни разлики наспроти четвртата категорија програма, несоодветна за деца под 16 години*): - долги, епски, херојски интонирани монолози, проникнати со емоционален патос за (не)човечноста, (не)слободата, за (не)правдата, за (не)лојалноста, и слично. Од гледиштето на потенцијалната пубика, при класификацијата е исклучително важно да се земе предвид дека – главниот лик (*но и другите нему блиски протагонисти што служат за етничките и за културно-цивилизациските контрасти при портретирањето*) е – дете, и тоа прикажано како жртва, континуирано поставено во сложени и во ризични животни ситуации, па оттаму можната нагласена емоционална идентификација на малолетната публика со него.

Поради ваквите тематски и аудиовизуелни карактеристики на теленовелата „Белата робинка", а според критериумите на Правилникот за заштита на малолетните лица, нејзина соодветна категоризација е – програма од трета категорија, која не се

препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, односно – епизодите од серијалот треба да се поместат за емитување исклучиво по 20 часот.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 6, 7, 8, 11 и на 12 мај 2020 година, премиерите на пет епизоди, и четири репризи од играниот серијал „Белата робинка" беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветни временски периоди од денонoќието.

## 9. Предлог-мерка:

Имајќи предвид дека е во тек усогласувањето на радиодифузерот со член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, по изречената мерка јавна опомена *(Уп1 бр. 03-157 од 07.05.2020 година)* на 06.05.2020 година:

- Советот на Агенцијата повторно да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***